Работнички универзитет "Јоска Свештарот" - Струмица



ЛИКОВЕН САЛОН

# КИРИЛ ГЕГОСКИ

# KIRIL GEGOSKI

АПРИЛ 2000

# КИРИЛ ГЕГОСКИ - сликар

## БИОГРАФИЈА

КИРИЛ ГЕГОСКИ-сликар
Роден 27.03.1944 год. во Прилеп
Школа за применета уметност во Скопје 1959 -1964 год..
Член на ДЛУМ од 1968 год.
Живее и работи во Прилеп како самостоен уметник.
Адреса; ,,Златеник,, 2/3-Прилеп, тел: 21-624

## СТРУЧНИ ПАТУВАЊА

1964 - Италија
1973 - Атина, Грција
1974 - Русија
- Париз, Франција
1978 - Полска
1979 - Париз, Франција, степендија ,,Моша Пијаде,,
1981-1984 - Венеција, Италија

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1968 - Прилеп со Ѓорѓија Ачевски и Васил Костов во галерија шах клуб - слики
1973 - Скопје, Центар за информации и култура - слики
1971 - Прилеп, Градска кафеана-слики
1977 - Битила со Васил Костов, Галерија ,,Моша Пијаде,, - слики
1979 - Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ - слики
1979 - Струга со Димитер Манев и Данчо Ордев, ,,Млада Струга,, - Хотел ,,Дрим,, - слики
1983 - Скопје, Центар за култура и информации - цртежи
- Битола, Галерија ,,Моша Пијаде,,- цртежи
- Прилеп, Дом на културата ,,Марко Цепенков,,- Изложбен салон - цртежи
- Штип, Дом на културата ,,Ацо Шопов,,- изложбен салон - цртежи
- Земун - Југославија, Галерија ,,Пинки,,- цртежи
1984 - Прилеп, Библиотека ,,Борка Талески,, и Дом на културата ,,Марко Цепенков,, графики дрворез
1985 - Прилеп, Дом на културата ,,Марко Цепенков,, - портрети на истакнати театарски работници - цртежи
- Охрид, Дом на културата ,,Григор Прличев,,- акварели ,,Во природа,,
- Ваљево - Југославија, со Васил Костов и Слободан Михајлоски, Дом на култура-та цртежи
1986 - Ниш - Југославија, со Васил Костов и Слободан Михајлоски, Дом на култура-та - цртежи
- Велес - Ликовен салон при Народен музеј - акварели
- Изола - Словенија, Галерија ,,Алга,,- акварели
- Карловац - Хрватска, Галерија ,,Зилик,, - акварели

1988 - Скопје, Салон на ДЛУМ - слики
1991 - Ниш - Југославија, Галерија Спомен дом ,,Мија Станимировик,,- графики дрворез
- Књажевац - Југославија, Дом на културата - графики дрворез
- Прилеп, Дом на културата ,,Марко Цепенков,, театарски портрети 1988-91 год. - цртежи
1992 - Прилеп, Кафе галерија ,,Паренцо,, - слики
- Скопје, М.С.У. Галерила ЈАТ - акварели
- Прилеп, Центар за култура ,,Марко Цепенков,,- акварели
- Битола, Галерија на современа уметност - акварели
1993 - Прилеп, Центар за култура ,,Марко Цепенков,, - минијатури графики
1994 - Прилеп, Центар за култура ,,Марко Цепенков,, - графики
- Скопје, Салон на ДЛУМ - графики
- Битола, Уметничка галерија, Кавадарци, Дом на културата - графики
1995 - Прилеп, Центар за култура ,,Макко Цепенков,, театарски портрети 1988-94 г. Цртежи
1996 - Прилеп, Центар за култура ,,Марко Цепенков,, ликовна галеријаа - 20 слики од Саатот од 12-31.01 1996

ЗАЕДНИЧКИ ИЗЛОЖБИ

Учесник е на 200 заеднички изложби во земјатаи и странство, како и на изложби организирани во другите Републики на СФРЈ,

СЛИКАРСКИ КОЛОНИИ

1974 - Сочи, Русија
1976, 1982, 1991 - Прилеп
1978 - Почител - БиХ
Торун, Полска
1981, 1988 - Ечка, Зрењанин, СФРЈ
1986, 1987 - Лесковац, Власина, СФРЈ
1989, 1991 - Белчишта, Охрид
1993 - Струмица
1995 - Куманово
1995, 1996, 1997 - Македонски Брод
1996 - Струга
1998 - Кичево

НАГРАДИ

1976 - Пиран, Словенија, ЕХ - терпоре
1979 - Прилеп, награда за ликовна уметност ,,29-ти Ноември,,
1982 - Скопје, награда на НУБ ,,Климент Охридски,, за графика.








4. 2. 2000







## ОСВРТ КОН ИЗЛОЖБАТА

Да се зборува за творечки дострели и интензивна уметничка активност во македонската современа уметност неизбежна е личноста и творечкиот опус на сликарот, графичар и цртач Кирил Геговски.

Во уметничкиот живот на Македонија се појавува за прв пат во 1968 година во шах клубот во Прилеп и од тогаш па се до денес со тематската преокупација главно на пејзажот и прилепската архитектонска визура со вградениот монолитно динамичен концепт Геговски се издвојува како еден од врвните зрели македонски автори.Творечката енергија ја насочува кон објективизирање на архитектониката, пејзажот и објектот со сите негови карактеристики и особености. Во примарнета опсервација на роднокрајниот пејзаж перцепцијата прераснува во акција, чувството преку динамиката на потегот во вредносна линија во композициониот систем служи да ја претстави структурата на природната хармонија.

Во тој чин се кондензираат историјата на искуството на уметникот чии што цртачки и колористички квалитети ја откриваат субјективната отелотворена вистина. Уметниковата имагинација преку цртежот е оној оперативен дел во кој детерминираниот простор и објект добиваат акцентирана експресивна улога во чија егзистентност се вградени дијалогот и рефлексиите на импулсивното естетско транспонирање на мотивот - објектот.

Концепирајќи ја архитектониката на линијата Геговски успешно ја избегнува стереотипноста на објективизацијата на инспиративните вибрации на пејзажот и амбиентот. Линијата ја канализира во динамични потези кои преку особеното чувство за редукција и транспонација го насочува консументот на возможна визуелна вистина во која успешно го вградува сопствениот ликовен личен ракопис.

Во креативниот набој силниот наплив на физиономијата на волуминозните параметри на пејзежот ги вреднува со автохтон однос притоа исклучувајќи го традиционалното вреднување на финалниот запис.

Компактноста на композицијата ја гради со селективен приод и логично насочување на креативната енергија во примарниот впечаток. Интелектот и инстинктот се насочени кон конкретните вибрации кои допираат до уметникот, притоа восприемачкиот капацитет е тесно поврзан со внатрешниот модел на сопствениот свет.

Конструирајќи субјективни возможни претстави на објектот, пејзажот Геговски виртуозно го контролира својот визуелен свет притоа ставајќи му личен печат на филтрираните, синтетизиранирефлексивни струења ги детерминира препознатливата иконографија на костурот, на пејзажот и објектот.

Акцентирајќи го цртежот како дел на сопствените уметнички истражувања Геговски и во оваа изложба ни презентира дел од својот творечки опус чии уметнички квалитети се одликуваат со богата лична рафинирана творечка моќ.

Живко Велковски
Историчар на уметност - виш конзерватор

Каталогот е реализиран со помош на
Министерство за култура на Р. Македонија



издавач: Работнички универзитет "Јоска Свештарот" Струмица
директор: Силвана Бонева, одговорен уредник: Глигор Беќаров
печатница: "БАТЕВ", тираж: 300 примероци